Сите да бидеме дел од ПРИРОДАТА

# Реформа во секторот води на централно ниво

Скопје 10.02.2016

# Целокупна цел на проектот

**Целокупна цел на проектот** е да се воспостави ситем на “поврат на трошоците” во секторите водоснабдување и отпадни води преку подршка на спроведувањето на Националната студија за тарифи за вода и ревидираната тарифна политика.

Сите да бидеме дел од ПРИРОДАТА

# Конкретна цел на проектот

**Конкретна цел на проектот е следново:**

- Поддршка на воспоставувањето и функционирањето на Регулаторно тело одговорно за надзор на спроведувањето на барањата за тарифи за вода;
- Обезбедување на насоки за општините и ЈКП-ата за спроведувањето на новата методологија за тарифи за вода и за долгорочното работење и планирање на тарифите;
- Поддршка на националните авторитети во воспоставувањето на соодветна инспекција и казни во спроведувањето на методологијата за тарифи за вода.

Проектот треба да го олесни спроведувањето на Рамковната директива за води (2000/60/ЕС), Директивата за третман на урбаните отпадни води (91/271/ЕС) и на Директивата за вода за пиење (98/83/ЕС).

Сите да бидеме дел од ПРИРОДАТА

# Резултати кои се очекуваат да се постигнат

- **Резултат бр.1:** Регулаторното тело надлежно за спроведување на ревидираната методологија за тарифи за вода е способно (воспоставено, обучено и правните акти подготвени) за извршување на доделените функции и да обезбеди насоки за регулираните сектори;
- **Резултат бр.2:** Претставниците од општините и ЈКП-ата се информирани и обучени да ја применуваат ревидираната методологија за тарифи;
- **Резултат бр.3:** Способностите на инспекцијата и системот за казнување за спроведувањето на методологијата за тарифи за вода се зајакнати.

Сите да бидеме дел од ПРИРОДАТА

# Проектни активности

- Подготовка на План за вклучување на засегнатите страни;
- Разгледување и развој на релевантна законска регулатива;
- Поддршка за воспоставување на Регулаторно тело за утврдување на цените за водните услуги;
- Подготвување Насоки и Советодавни документи за Регулаторно тело;
- Развој и подобрување на моделот за пресметка на тарифи;
- Поддршка во развојот на План за тарифно прилагодување и бизнис планови за ЈКП-ата;
- Поддршка во спроведувањето и примената на новиот тарифен систем за водни услуги.

Сите да бидеме дел од ПРИРОДАТА

# Таргет групи

- Сектор води - МЖСПП,
- Државниот инспекторат за животна средина - МЖСПП,
- Сектор за ЕУ - МЖСПП,
- Министерство за транспорт и врски,
- Регулаторна комисја за енергетика,
- Градот Скопје, општините Прилеп, Тетово, Битола, Кичево, Радовиш, Струмица, Дебар, Струга и Охрид, Кочани, Гевгелија КАвадарци, Гостивар, Велес, Штип и Берово и нивните ЈКП-а. За општините Охрид и Струга само Меѓуопштинското ЈКП Проаква ќе биде вклучено.

Сите да бидеме дел од ПРИРОДАТА

# Задачи поврзани со Резултат бр. 1 (1)

- Прегледување на релевантното законска легислатива (преглед на релевантните законски и подзаконски акти, давање на препораки, изготвување на подзаконските акти кои недостасуваат, препорака за нивото на достапност за цената на водните услуги);
- Поддршка во воспоставувањето на Регулаторното тело (анализа на улогата на регулаторот, подготовка на институционалната структура, подготовка на интерни процедури);

# Задачи поврзани со Резултат бр. 1 (2)

- Поддршка на Регулаторот во подготовката на Насоки (помош во подготовката на редовни и поединечни насоки, дефинирање на секојдневните и краткорочната советодавна функција на Регулаторот, поставување на Интранет и Интернет присуство и систем за размена/управување со електронски документи;
- Развој и подобрување на моделот за пресметување на цените и советодавните документи (ревизидирање на постоечкиот модел за пресметување на тарифите, препораки за подобрување и унапредување на постоечкиот модел за пресметување на цените, подобрување на моделот за пресметување на тарифите, развој на програма за обуки за воведување на моделот за пресметување на тарифите, поддршка во примената на моделот за пресметка на тарифите).

Сите да бидеме дел од ПРИРОДАТА

# Задачи поврзани со Резултат бр. 2

- Задача 1 - Поддршка во изработката на планови за прилагодување на тарифите и бизнис планови за ЈКП-ата
  Подзадача 1.1 - Помош на пилот општините и ЈКП-ата во спроведувањето на ревидираната методологија за тарифи за вода
  Подзадача 1.2 - Развој и спроведување на Програмата за обука за ЈКП-ата

# Активности предвидени во рамки на Подзадача 1.1 (1)

- Поддршка во развојот на првата верзија на плановите за прилагодување на тарифите во 16-те избрани пилот ЈКП-а;
- Поддршка во идентификацијата на податоци од бизнис планот кои се потребни за подготовка на планот за приспособување на тарифите и подготовка на нови или ревизија на повеќегодишните Бизнис планови за оние ЈКП-а кои се идентификувани во извештајот;
- Поддршка во примената и на други процедури релевантни за одобрување на плановите за прилагодување на тарифите;

# Активности предвидени во рамки на Подзадача 1.1 (2)

- Поддршка во развојот на годишни извештаи за перформансите на избраните ЈКП-а за спроведувањето на плановите за прилагодување на тарифите и бизнис плановите;
- Поддршка во примената на Упатствата од Регулаторот за развој на бизнис планови и планови за прилагодување на тарифите;
- Развој на програма и материјали за обуки;
- Развивање на капацитетите во рамките на ЈКП-ата за да бидат во можност да развиваат идни верзии и на бизнис плановите и на плановите за прилагодување на тарифите;
- Обука и ширење на информациите до сите општини и ЈКП-а.

Сите да бидеме дел од ПРИРОДАТА

# Активности предвидени во рамки на Подзадача 1.2

- Развивање на капацитетите и анализа на потребите за обуки за избраните пилот ЈКП-а за подготовка на бизнис планови и планови за прилагодување на тарифите;
- Развивање на програма за обуки за ЈКП-ата вклучувајќи цел сет на материјали за обука со различни модули за конкретната целна публика во рамките на ЈКП-ата (технички, финансиски, менаџерски);
- Спроведување на програмата за обуки на ЈКП-ата.

# Задачи поврзани со Резултат бр. 3 (1)

**Задача 1 - Спроведување и примена на новиот тарифен систем**

- Анализа на законските барања за решавање на жалбите во однос на одлуките на Регулаторот;
- Развивање на процедури за разгледување на жалбите до основачите (општините) за формирањето на цените за вода за нивните ЈКП-а;
- Развивање на упатства за општините и ЈКП-ата во врска со жалбените постапки;
- Обуки за вработените на регулаторот за разгледување на жалби по барањата и постапките за поставување на тарифите за вода;

# Задачи поврзани со Резултат бр. 3 (2)

- Ширење на информации до општините за процедурите за жалби;
- Оценка на потенцијалните проблематични области за примена на методологијата за тарифи за вода и идентификување на ризиците на неусогласеност;
- Развивање на процедури за инспекција и казни на вода тарифи согласно барањата за поставување на тарифите со фокус на ризичните области;
- Развивање на листи за проверка за инспекција;
- Обука на Државниот инспекторат за животна средина и персоналот на Регулаторот одговорен за инспекција и казни, практичната примена на процедурите за избраните ЈКП-а и нивните општини.

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

**Јадранка Иванова**

**Раководител на Сектор за ЕУ**

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Сите да бидеме дел од ПРИРОДАТА